Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 03.09.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација на Детален Урбанистички план на дел од Урбана четврт СИ 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/ кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.), важечки ДУП, за населба Сењак 1 и 2, донесен со Одлука бр.0201-4862/1 од 24.11.1977 година каде се планирани објекти со намена Д3 - Теренски градби за спорт и рекреација и неговите измени и дополни односно ДУП за населба Сењак 1 и 2 и локација за Канал 77 и плацеви за индивидуално домување донесен со Одлука 08-392/1 од 30.06.1994 година не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација на Детален Урбанистички план на дел од Урбана четврт СИ 07.03 со намена Д3 од ГУП на Град Штип /плански опфат: на север со граница на наменска зона и објект на КП 3874/10, на запад по осовина на ул. Петта партиска конференција, на југ по осовина на ул Панче Караѓозов и на исток по осовина на ул. Борис Крајгер/, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Параметрите, смерници и стратешки определби на предметниот ДУП, главно произлегуваат од развојни стратегии дадени во Генералниот урбанистички план за град Штип со одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год издаден со број 18-7486/2 од 30.11.2023 каде се планирани објекти со намена Д3 - Спорт и рекреација како и класи кои се компатибилни на основната класа. Како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намни предвидени во ГУП и ДУП, во границите на градежниот опфат на општина Штип. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.Во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. УП I 18/24-195
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов